## ИЗВАДОК ОД ПРОСПЕКТОТ ЗА ОТКУП НА ОБИЧНИ АКЦИИ ИЗДАДЕНИ ОД ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ

*1)* Број и датум на Решението за издавање дозвола за понуда за откуп на хартии од вредност, издадено од Комисијата за хартии од вредност:

Број 07-2867/6 од 11.08. 2008 година

*2)* Назив и седиште на издавачот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп:

ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ, Ул. МАКЕДОНИЈА Бр. 9/11, 1000 Скопје

*3)* Назив и седиште на друштвото што ја дава понудата за откуп:

Steiermärkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft, Sparkassenplatz 4, 8010 Graz, Austria

*4)* Назив и седиште на брокерската куќа што во име и за сметка на понудувачот ја дава понудата за откуп:

ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20, 1000 Скопје

*5)* Број, вид и род на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп:

Понудата за откуп се однесува на сите 254.362 обични акции со право на глас издадени од ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ, при што најмалата количина на обични акции на ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ, која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна е 170.423 обични акции со право на глас односно минимум 67% од вкупниот број на акции на кои се однесува понудата за откуп.

*6)* Цена по која понудувачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност и начин на плаќање на хартиите од вредност:

Понудената цена е 9.258,00 денари по акција. Плаќањето на хартиите од вредност на сите иматели на обични акции на ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ кои ќе ја прифатат оваа понуда ќе го врши Централниот депозитар за хартии од вредност, во пари, на сметка во деловната банка за која ќе го известат Централниот Депозитар за хартии од вредност со изјавата за прифаќање на понудата за откуп, во рок од 6 дена по добивањето на Решението на Комисијата за хартии од вредност за успешност на понудата. Во согласност со Договорот за вршење услуги во постапката за превземање на акционерското друштво ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ склучен меѓу Steiermärkische Bank und Sparkassen AG и Централниот Депозитар за хартии од вредност, понудувачот ќе го префрли износот потребен за исплата на акционерите кои ги дале нивните акции на Понудата за откуп на понудувачот согласно со условите на Проспектот во рок од 3 дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност за успешноста на понудата за откуп на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност. Централниот депозитар за хартии од вредност е должен во рок од 3 дена по депонирањето на средствата неопходни за исплата на акционерите кои валидно ги понудиле акциите на понудувачот во согласност со Понудата за преземање да изврши пренос на износот на сметките на сопствениците кои ја прифатиле понудата за преземање.

7) Рокот за прифаќање на понудата за откуп:

Рокот за прифаќање на понудата за откуп изнесува 20 дена. Рокот за прифаќање на понудата за откуп почнува да тече од денот на првото објавување на Извадокот од проспектот и Понудата за откуп, односно од 18.08.2008 година и завршува на 06.09.2008 година. Рокот за прифаќање на понудата за откуп се продолжува за 14 дена доколку најмалата количнина на обични акции на ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна се исполни во последните 14 дена од рокот за прифаќање на понудата.

8) Понудата за откуп се прифаќа со писмена изјава за прифаќање на понудата од страна на имателите на хартии од вредност во рокот предвиден за прифаќање на понудата. Писмената изјава за прифаќање на понудата се испраќа на брокерската куќа од член 4.

9) Примерок од Проспектот е доставен до сите овластени членки на Македонската берза АД Скопје, каде сите заинтересирани лица ќе можат бесплатно да имаат увид во целосната содржина на проспектот. Списокот на овластените членки може да се најде на веб сајтот на Македонска берза АД Скопје www.mse.com.mk и на тел. 02 3122055.

**STEIERMÄRKISCHE BANK UND SPARKASSEN AG**

**Овластен претставник**
**Herbert Bachner**